# Дневна хемеротека за *07.03.2016г.*

## МИА - *Во Поградец состанок на Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро*

ПОНЕДЕЛНИК, 07 МАРТ 2016, 11:07:24

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### Во Поградец состанок на Прегуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро

Препорачај 0

недела, 06 март 2016 15:20



**Охрид, 6 март 2016 (МИА)** – Во албанскиот град Поградец утре ќе се одржи состанок на Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридско Езеро, во рамки на проектот на УНЕСКО за интегрална заштита на културното и природното богатство на регионот околу езерото.

Целта на прекуграничната платформа е да ја интензивира соработката на прекугранично ниво меѓу Македонија и Албанија на различни нивоа т.е помеѓу централните, локалните власти и секторите за туризам, урбано планирање, култура и животна средина.

Утрешниот состанок има задача да ги идентификува сите можности за мониторинг врз животната средина и биодиверзитетот со што би се придонело во заштитата и управувањето на Светското наследство на Охридскиот регион. Исто така , идентификација на постојни иницијативи за промовирање на одржлив развој на регионот се тема на работниот состанок.

На состанокот ќе бидат презентирани и стратегии за развој на туризам меѓу кои и работата на стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид.

Визијата за развој на Охридскиот регион е врзана со уникатните вредности на регионот и нивно искористување во контекст на одрживиот развој, промоцијата и привлекување на туристичкиот интерес. Уникатните вредности на природни реткости и пејсажи, заштитените подрачја во регионот и богатото културно наследство преставуваат слика и препознатливост на регионот која треба да биде насока на управување и на централно и на локално ниво.
аб/цр/15:18

## Сител - *Состанок на Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро*

Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро, чија цел е да ја интензивира соработката меѓу централните и локалните власти на Македонија и Албанија, како и во секторите за туризам, урбано планирање, култура и животна средина, ...

## Канал5 - *Состанок на Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро*

Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро, чија цел е да ја интензивира соработката меѓу централните и локалните власти на Македонија и Албанија, како и во секторите за туризам, урбано планирање, култура и животна средина, ...

## А1 Оn - *Состанок за заштита на регионот на Охридското Езеро*

Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро, чија цел е да ја интензивира соработката меѓу централните и локалните власти на Македонија и Албанија, како и во секторите за туризам, урбано планирање, култура и животна средина, ...

## Денешен - *Состанок за заштита на регионот на Охридското Езеро*

Прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро, чија цел е да ја интензивира соработката меѓу централните и локалните власти на Македонија и Албанија, како и во секторите за туризам, урбано планирање, култура и животна средина

## Almakos - Zyrtarët e BDI-së nuk e mbajtën premtimin për kanalin në Saraj



Ministrat dhe kryetarët e komunave nga radhët e Bashkimit Demokratik për Integrim, premtojnë rrugë, kanalizime, shkolla dhe kushtet të tjera vetëm sa për sy e faqe. Ndërsa afateve të caktuara nga vetë ata, jo vetëm që nuk i përmbahen, por as për së afërmi nuk i afrohen.

"Për dy javë vetëm dhjetra metra kanalizim janë instaluar. Instalimi 15 ditorë i kryetarit të Komunës Sarajit, Bekim Murati është larg realizimit".

Nga vendi ku u promovuan fillimet e punimeve deri tek gypi kryesro, ka rreth 1 km largësi. Kanalizimi duhet instaluar mes përmes tokave bujqësore. Dy javë më parë, kreu i Sarajit Bekim Murati tha se kanalizimi do të finalizohet pas 15 ditëve.

"Për këtë rrugicë këtu në vendbanimin Saraj punimet do të përfundojnë brenda 15 ditëve, kutptohet nëse na mundëson moti dhe kushtet klimatike", pati deklaruar kreu i komunës së Sarajit, Bekim Murati më datë 19.02.2016.

Megjithatë edhe pse kushtet atmosferike ishin tepër të mira, pas 15 ditëve jo vetëm që nuk është përfunduar ky projekt, por ai ka mbetur vetëm në start. Se kur do të përfundojë dhe nëse vërtetë do të përfundojë ndonjë ditë ky kanal, koha do të tregojë. Në fillimin e punimeve prezent ishte edhe Ministri i Ekologjisë, Nurhan Izairi. Kanalizimi do të lidh në rrjetin kryesor pjesën e poshtme të Sarajit.



## МИА - Еколошката училница на тркала на УСАИД меѓу основците во Кривогаштани

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА




НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Еколошката училница на тркала на УСАИД меѓу основците во Кривогаштани

### Еколошката училница на тркала на УСАИД меѓу основците во Кривогаштани

Препорачај 0

петок, 04 март 2016 11:12



**Скопје, 4 март 2016 (МИА)** - Караванот за практична настава за климатските промени со еколошката училница на тркала „зелениот камион“ денеска е во посета на основците во општина Кривогаштани.

Еколошки секции на терен, предавања на тема климатски промени, стакленички гасови и глобално затоплување, мерења појави во атмосферата, хидрологијата и почвата со примена на лабораториската опрема во зелениот камион, дискусии за обновливи извори на енергија и потенцијалите за развој на т.н. зелени бизниси во регионот, пресметување на јаглеродниот отпечаток на училишните објекти, се дел од практичната настава за климатски промени која се одржува во рамки на Проектот на УСАИД за Општински стратегии за климатски промени, спроведуван од Милиеуконтакт Македонија.

Почнувајќи од 22. февруари до денеска, еколошката училница на тркала на УСАИД посети девет основни училишта во Општина Прилеп и едуцираше повеќе од 1.300 ученици за

климатските промени преку изведување на практични вежби и експерименти со примена на лабораториската опрема во камионот.

До средина на април 2016 година, караванот ќе посети повеќе од 30 основни училишта во десетте општини каде што се спроведува проектот: Прилеп, Кривогаштани, Пехчево, Делчево, Виница, Богданци, Боговиње, Маврово Ростуше, Теарце и Студеничани.

Пред стартот на овој караван, наставници од десетте партнер општини научија како да изведуваат практична настава за климатските промени со примена на вистинска опрема и експерименти во зелениот камион, а врз основа на глобалната програма за изучување и опсервација во полза на животната средина (Global Learning and Observations to Benefit the Environment Program (GLOBE).

Преку оваа иницијатива, УСАИД има за цел да ги поттикне националните основни училишта да воведат, развијат и спроведат ефективна наставна програма за практична настава и истражувачко образование од областа на климатските промени преку јакнење на капацитетите на наставниот кадар, како и, да се воспостават стандарди кои ќе обезбедат ефикасна реализација на ваквите програми. Тоа, според УСАИД, ќе ја зголеми јавната свест за климатските промени и ќе ја инспирира следната генерација на активисти за заштита на животна средина и борба против климатските промени. **дма/скс/11:12**

## Вечер - Жизел Бундхен ги штити дивите видови

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА

# Жизел Бундхен ги штити дивите видови

6 март 2016 - 15:21 Like Share 3 Tw

**Супермоделот Жизел Бундхен присуствуваше на специјална седница на Обединети нации посветена на Светскиот ден на диви видови, во својство на амасадорка на добра волја на програмата за заштита на животната средина.**



> - Зачувувањето на флората и фауната е заедничка одговорност. Сите мораме да се потрудиме, бидејќи иднината на дивите видови е во наши раце, напишала Жизел на Твитер пред почеток на седницата.

Манекенката е амбасадорка на ОН на програмата за заштита на животната средина од 2010 година, а пред две години заедно со татко и го покрена проектот „Clean Water Project" во Бразил.

Најплатената манакенка во светот е и членка во Одборот за заштита на дождовните шуми.